Друштво за производство на електрична енергија ДИС ЕНЕРГИЈА ДОО
бр. 03 – 82
13.12 2022 год.
СКОПЈЕ

**ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА**
**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА 20/10KV КАБЕЛСКИ ПОДЗЕМЕН ВОД ОД МАШИНСКА ЗГРАДА НА МХЕЦ ШТАЛКОВСКА ДО НОВОПРЕДВИДЕНА БАНДЕРА НА КП 156, КО ТУРСКО РУДАРИ, ОПШТИНА ПРОБИШТИП**

Проектната програма треба да овозможи изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за 20/10Kv кабелски подземен вод од машинска зграда на МХЕЦ Шталковска до новопредвидена бандера на КП 156, КО Турско Рудари, Општина Пробиштип** и истиот треба да биде изработен согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 225/20 и 219/21).

Постапка за изготвување на **с**, е покрената по иницијатива на нарачателите на кој им е потребна за поврзување на машинска зграда на МХЕЦ Шталковска.

Проектниот опфат ги опфаќа следните катастарски парцели: дел од КП 157, дел од КП 156, дел од КП 154, дел од КП 129, дел од КП 128 и дел од КП 2141, КО Турско Рудари, низ кои поминува кабелскиот подземен вод, во ров со широчина од 2,0м до 6,0м, површината на истиот зафаќа површина од 0,06ха.

**Намена на земјиштето:**

Бидејќи земјиштето се наоѓа вон плански опфат на урбанистички план, односно е опфатен со со Просторен план на Република Македонија (Службен весник на Р.Македонија бр. 39/04) за кои ќе бидат/се прибавени Услови за планирање на просторот од страна на Агенција за Планирање на Просторот, потребно е да се дефинира намена.

Намената во проектниот опфат е **Е1.8-Инфраструктури за пренос на електрична енергија.** Согласно јачината на кабелскиот вод, станува збор за објект од втора категорија, за кој надлежна е Општина Пробиштип.

**Причини и цел за донесување на проектната документација:**

Потребата од изработка на овој проект за инфраструктура е за идното поврзување на машинска зграда на МХЕЦ Шталковска опфатена со Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Шталковска со реф.бр. 364 и придружни објекти, КО Турско Рудари и КО Шталковица, Општина Пробиштип.

**Методологаија и содржина на УП:**

Урбанистичко проектната документација треба да се изработи согласно важечките законски прописи т.е согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на Р.М. бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 225/20 и 219/21).

Урбанистичка проектната документација да се изработи врз основа на ажурирана геодетска подлога, каде се евидентираат сите постојни надземни и подземни градби во рамките на планскиот опфат во документационата основа на планот.

На урбанистичка проектна документација задолжително треба да биде извршена стручна ревизија.

**Инвеститор:**
ДИС ЕНЕРГИЈА ДОО Скопје

Друштво за производство на електрична енергија ДИС ЕНЕРГИЈА ДОО СКОПЈЕ